
Извештај од

СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

јануари – јули 2024 година



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Наслов:

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ
За периодот јануари - јули 2024 година

Издавач:

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Скопје, август 2024 година

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

ВОВЕД **4**

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ **4**

Гласање и систем за тонско снимање **5**

Јавни седници на ССРСМ **5**

Годишни извештаи за работата на ССРСМ **6**

Присуство на членовите, по функција, на седниците на ССРСМ **6**

Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и на изјавите за медиуми **7**

Отвореност кон јавноста и кон медиумите **8**

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ **8**

Имплементација на препораките од Оценската мисија на ЕУ **8**

Избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите **10**

Одлучување по барање за одземање имунитет и одобрување притвор **12**

Избор на судии и претседатели на судови **13**

Разрешување судии и претседатели на судови **16**

Следење на работата на судовите **17**

Одлучување по претставки од граѓани и од правни лица **17**

ЗАКЛУЧОЦИ **19**

ПРЕПОРАКИ **20**

ВОВЕД

јануари - јули 2024 година

Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е, преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права да ги забележи предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Оваа активност се спроведува во рамки на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2024", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми, за 2022 година.

Мониторинг извештајот за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судски совет или ССРСМ) се однесува на **периодот од јануари до јули 2024 година.**

Извештајов е поделен во три главни дела кои се однесуваат на **транспарентноста, ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет**.



За потребите на извештајов беа користени следниве извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, записници и извештаи од Судскиот совет, објави и документи презентирани на веб-страницата на Судскиот совет, објави во медиуми, итн.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

одржани 23 седници

Во наведениов временски период ССРСМ има **одржано 23 седници, од кои едната била во две продолженија.** Објавувањето на информациите за закажувањето на седниците воглавном било навремено. **Може да се забележат и неколку итни седници, од кои едната е апсолутно оправдана, заради временските рокови, а се однесува на одредувањето притвор за судијата кој беше фатен при вршење кривично дело од припадниците на МВР.**

Веднаш по завршувањето на секоја од седниците објавувани соопштенијата за донесените одлуки и заклучоци, и, за разлика од претходно, **може да се забележат поопширни известувања поврзани со точките кои биле разгледувани на секоја седница**, како и известувања за донесените одлуки. Оваа практика, во следниот период, **Судскиот совет би требало да ја задржи, со цел подобрување на неговата активна транспарентност.**

Пренесувањето на седниците во живо од Македонската Информативна Агенција и понатаму продолжува. Оваа практика беше воведена во мај 2023 година, но често се присутни и други медиуми, како и новинари и претставници на невладини организации кои известуваат за седниците. И во овој период се бележи зголемен интерес, како за седниците, така и за постапувањето на ССРСМ.

Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитувала. Записниците се детални, а истите биле објавувани по усвојувањето. **Во овој временски период се бележи редовно усвојување и нивно објавување на веб страницата на ССРСМ**. Веќе подолго време се провлекува и невоедначената практика за начинот на нивното изработување. И покрај укажувањата од претседателката и од некои членови, **сè уште не е воведена воедначена практика за подготовка на записниците и за презентирање на информациите, што доведува до реакции од членовите на ССРСМ за начинот на нивното изготвување од стручната служба**. Се чини како да има недостаток на волја кај стручната служба да го воедначи нивното изработување. Исто така, од некои членови на ССРСМ било побарано, а од сите прифатено, како дел од записникот да биде и листингот од гласањето. Ова е побарано заради поголема транспарентност на начинот за гласање на членовите, но поради технички причини, ССРСМ сè уште не може да го спроведе овој заклучок во целост.

ГЛАСАЊЕ И СИСТЕМ ЗА ТОНСКО СНИМАЊЕ

Во овој извештаен период електронскиот систем за тонско снимање и за гласање беа во функција, така што членовите гласаа преку системот за гласање, што е редовен начин на гласање, освен доколку некој од членовите не се посомневал во резултатот, па можел да побара да се гласа со кревање рака.

ЈАВНИ СЕДНИЦИ НА ССРСМ

Што се однесува до динамиката на одржувањето на седниците, на месечно ниво, во текот на еден месец се одржувале по две до три седници, а една седница секогаш била резервирана за одлучување по претставките на граѓаните и правните лица, што е и законска обврска.

Практиката за одржување колегиуми пред отпочнувањето на седниците, која беше редовна во претходниот период, сега е надмината, така што не може да се забележи доцнење со отпочнувањето на јавните седници заради одржување колегиум или работен состанок. Во оваа насока може да се потенцира волјата на претседателката на ССРСМ повеќе да не се закажуваат итни седници, кои по својот карактер всушност не се итни, а ваквата практика во минатото беше честа и се користеше за донесување одлуки со колку што е можно помало присуство на јавноста.

Јавните седници на ССРМ и работењето на членовите е обемно, со многу точки на дневен ред, при што **може да се забележи активно учество во дискусиите на сите членови, со користење право на реплика, аргументации, образложување, со различни толкувања за одредени состојби кои претходно биле расправани и по кои веќе биле донесени заклучоци или допрецизирање на некои постапки кои не биле доволно образложени**. Но, понекогаш има и поинтензивни дискусии, што остава впечаток дека членовите меѓусебно се убедуваа чија аргументација е повеќе законска, особено кога има различни ставови за веќе претходно расправани состојби кои не се дефинирани во закон. **Се забележуваа и издвоени мислења од членовите, кои се објавуваат на веб страната на ССРСМ, а на седниците сè почесто се декларира и индивидуалната одговорност на членовите, без разлика што се работи за колективно тело кое одлучува со мнозинство гласови.** Дискусиите траеја подолго време и не се почитуваше Деловникот за работа на ССРСМ во кој е наведено како и колку може секој член да дискутира по одредено прашање. Често, од претседателката, се потенцираше примената на деловничките одредби со кои се ограничуваат дискусиите на членовите, заради ефикасни и ефективни дискусии, без да се повторуваат непотребно членовите повеќе пати, со исти или слични искажувања по точката за која се развила дискусијата.

За разлика од претходно, кога членовите по одредена точка не се согласуваат со дадениот предлог за одлучување, сега даваа конкретни објаснувања за причините за нивното несогласување со предлогот и доста често даваа нови аргументирани предлози за одлучување по одредена точка за која се расправаше на седницата.

ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ССРСМ

Годишниот извештај за работа на ССРСМ, за 2023 година, е доставен до Собранието во законски предвидениот рок[1] на 25.4.2024 година, но сè уште не е ставен на дневен ред за усвојување на Пленарна седница.

ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ, ПО ФУНКЦИЈА, НА СЕДНИЦИТЕ НА ССРСМ

Во овој извештаен период **министерот за правда не беше присутен на ниту една седница на ССРСМ,** иако тој и претседателот на Врховниот суд на РСМ се членови по функција во Судскиот совет кои можат да учествуваат на седниците на ССРСМ, но се без право да гласаат.

Претседателката на ВСРСМ присуствувала на седниците, а своето отсуство го правдала со преголема зафатеност со тековни работи како претседателка на највисок суд во државава. На седниците, на кои присуствувала, активно учествувала со свои мислења, видувања, предлози и сугестии по одредени точки од дневниот ред. Во овој временски период се бележи и подобрување на меѓусебните односи на двете институции, и најзначајно, има позитивна разрешница на покренатата постапка за

1 https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=39a30df8-b2ac-4133-a706-915071aa5a7c

одговорност на претседателката на ВСРСМ. Имено, **ССРСМ не го подржа извештајот на Комисијата за покренување одговорност на претседателката на ВСРСМ**. Оваа постапка започна во ноември 2023 година и беше будно следена од јавноста.



АНАЛИЗА НА СОДРЖИНАТА НА ОБЈАВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И НА ИЗЈАВИТЕ ЗА МЕДИУМИ

Во временскиот период за кој се однесува овој извештај, видно од веб страницата на ССРСМ, **по враќањето на функција на претседателката Весна Дамева, може да се констатира зголемена комуникацијата на ССРСМ кон општата јавност.** За разлика од претходниот период, можат да се забележат **интензивни состаноци со амбасадори и со домашни институции од правосудниот сектор, невладини организации, остварена средба со претставници од Блупринт групата и организиран брифинг со медиуми**. Во насока на подобра соработка со институциите биле одржани состаноци и потпишани повеќе меморандуми за соработка со Здружението на правници, Нотарската комора, и со Комората на извршители.

Забележителни се објавите за посети и присуство на конференции на кои претседателката имала свое обраќање.

Во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, финансиски поддржан од Делегација на ЕУ во Скопје, била одржана **Конференција за оценка на напредокот при спроведувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ за предизвиците со кои се соочува Судскиот совет**, досегашните активности и активностите кои во наредниот период ќе ги презема Советот во насока на имплементација на препораките од Оценската мисија. Воедно, на оваа конференција била презентирана **Комуникациската стратегија на Судскиот совет и судовите (2024-2028), изработена во соработка со претставници на Блупринт групата за реформа на правосудството, медиумите и останатите претставници од судовите и правосудниот сектор.**

Може да се констатира дека е подобрена транспарентноста на ССРСМ кон општата јавност во поглед на почести и подетални информации кои се споделуваат не само за непосредните надлежности на ССРСМ, туку и за останатите активности кои ги презема претседателката и членовите на ССРСМ во насока на поголема отвореност кон граѓаните. Сепак моменталната **веб-страница на ССРСМ не е доволно лесна за пребарување и не овозможува лесно пребарување на документи и објави**.

Воедно во насока на поголема видливост на работата на Судскиот совет во остварување на своите надлежности неопходно е почесто објавување на соопштенија од секојдневните активности, а кои се однесуваат на нивната примарна цел обезбедување на независноста на судството како објави од актуелни проблеми и активности кои ССРСМ ги презема за нивно решавање.

ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И КОН МЕДИУМИТЕ

Во периодов во кој е следена работата на ССРСМ се забележува континуиран интерес за работата не само од медиумите, туку и од невладините организации и општата јасност. Соопштенијата се поопширни и со повеќе информации за точките од дневен ред и веднаш се објавуваат документите кои се донесени. **Седниците на ССРСМ од медиумската агенција МИА се пренесуваат во живо, но за разлика од претходно, во овој период е со надоместок, што е достапно за секој заинтересиран граѓанин да може да ја следи работата на ССРСМ**.

Во јануари ССРСМ прослави 30 години од своето основање. Овој значаен јубилеј беше скромно одбележан со презентирање на досегашната работата на ССРСМ на Јавната седница, на која свое експозе имаше и претседателката.

По повод одбележувањето на Денот на правосудството - 31 март ССРСМ организираше отворен ден за посета на граѓаните, со цел да можат да се запознаат со надлежностите и активностите и при тоа да остварат непосредна комуникација со претседателката и со членовите.

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ОЦЕНСКАТА МИСИЈА НА ЕУ

Препораките коишто беа презентирани во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ, во 2023 година, а се однесуваа на подобрувањето на состојбата во ССРСМ и на судството во целина, беа прифатени од ССРСМ на тој начин што се усвои Акцискиот план за нивно спроведување. Овој план, како и неколку други документи, беа изработени преку проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на право“ во кои активно учествуваа сите членови на ССРСМ, покажувајќи ја волјата за нивно навремено и целосно спроведување, а особено на препораките кои се однесуваа на нивната работа и кои беа веднаш применливи, без да е потребна законска или уставна измена.

Согласно со Акцискиот план за спроведување на препораките, преку транспарентен и инклузивен процес, беше изработена и усвоена Комуникациската стратегија на ССРСМ и судовите на РСМ, со Акциски план со која се усвоија стандардите за комуникација на судството кон општата јавност.

Како дел од препораките на Оценската мисија, а за кое ССРСМ долго време беше критикуван, е и образложувањето на одлуките за избор и разрешување судии и претседатели на судови. Врз основа на овие препораки ССРСМ усвои Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на ССРСМ, со кои се направени квалитативни измени, **а се однесуваат на образложување на одлуките од членови-**

те на ССРСМ кога гласаат против избор на одреден судија, за разлика од досега, кога даваа образложение само за позитивното гласање за одреден судија. Потоа, направени се измени со кои одлуките ќе бидат индивидуализирани, со објективни стандарди, конзистентност и компаративност на образложението за избор, односно неизобор на судија. Во насока на ажурното постапување, предвидени се рокови за постапување во сите фази на постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, а во насока на имплементирање на препорака во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ, предвидено е вклучување и на Здружението на судиите на РСМ и на организациите на граѓанското општество при расправа и усвојување на Годишниот извештај за работа на ССРСМ.

Понатаму, дел од имплементираните препораки е донесувањето на **Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, преку кои се изврши допрецизирање на оценувањето во насока на избор на судии во повисок суд, согласно со нивните реални квалитативни резултати, што произлезе како резултат од веќе извршениот процес на редовното оценување на судиите.** Исто така, во измените е предвидено секоја дополнителна работа на судиите да биде земена предвид при нивното оценување, вклучително и времето упатување од еден во друг суд. Како битен елемент е одлуката овие измени и дополнувања да почнат да се применуваат при распишување нови огласи за избор на судии, а тековните постапки да бидат спроведени според Правилникот од 4.2.2020 година.

Како дел од подобрувањето на подзаконската регулатива на ССРСМ е и донесувањето на **Упатството за измена и дополнување на Упатството за начинот на пресметување на ефективните работни часови, со цел да се обезбеди реално вреднување на работата на судиите**.

Сите овие усвоени измени на неколку документи треба да бидат основа за подобрување на суштинската транспарентност на ССРСМ, којашто директно ќе влијае и на нивното ефективно работење и ќе значи јакнење на довербата, не само кон граѓаните, туку и кон самите судии, но останува да се види како овие измени ќе се применуваат во иднина.

ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ

Постапувајќи по одлуката на Управниот суд, ССРСМ, на почетокот на јануари 2024 година се констатираше дека е поништена одлуката за разрешувањето на Весна Дамева и дека одлуката од 2022 година, со која била избрана за претседател на ССРСМ останува во сила. На истата седница **тогашниот претседател Сашко Георгиев поднесе барање за престанок на неговиот мандат за претседател на ССРСМ**, и тоа беше констатирано на седницата. На овој начин успешно заврши повеќемесечната криза во ССРСМ предизвикана со незаконитото разрешување на претседателката Весна Дамева.

ССРСМ, на почетокот на 2024 година имаше недостаток од еден член во редот на судиите од ВСРСМ. Беа објавени три огласи на кои немаше пријавено ниту еден кандидат. Во текот на јануари 2024 година беше утврден престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија на судијата Мери Радевска, која беше избрана за член на ССРСМ од редот на судиите од Апелациското подрачје на Битола.

На објавените огласи **за избор на членови на ССРСМ од редот на судиите од ВСРСМ и од Апелациското подрачје на Битола беа пријавени повеќе кандидати**. **Од ВСРСМ беа пријавени двајца кандидати - судиите Цветанка Перић и Исамедин Лимани. Од Апелациското подрачје на Битола беа пријавени Александар Камбовски, Татјана Сусулеска и Александра Поп Стефанија**. При утврдувањето на кандидатските листи од ССРСМ на седницата се разви полемика за законското решение и за толкувањето на истото, а по однос на бројот на членовите на ССРСМ кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство.

Имено, се постави прашањето дали може, на општата листа, за кандидат од ВСРСМ да се јави судија кој е припадник на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ, кога во Законот за ССРСМ има два вида листи - општа листа и единствена посебна листа за припадниците на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ, на која се јавуваат судии - кандидати за членови на ССРСМ од македонска заедница и од останатите заедници кои не се мнозинство. Околу ова прашање се разви дискусија помеѓу членовите во две насоки и тоа едните сметаа дека поради точно определениот број на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Уставот и во Законот за ССРСМ не може припадник на заедница која не е мнозинство да се јави на општата листа, бидејќи постојат уставно-правни и законски пречки кандидатот Исамедин Лимани, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија, во конкретниов случај да биде кандидат на Општата листа за кандидати од Врховниот суд на РСМ. Останатите членови сметаа дека не може да се забрани кој било судија на ВСРСМ да се јави на оглас, без разлика дали е општа или посебна листа, бидејќи во Законот за ССРСМ, со оглед дека за член на ССРСМ од редот на судиите од ВСРСМ може да се кандидираат и да се избираат само судиите на ВСРСМ, и затоа не треба да се толкува член 6 од Законот за ССРСМ, туку треба да се овозможи кој било судија да се јави како кандидат за член на ССРСМ кој ги исполнува условите од Законот за ССРСМ[2].

Законот за ССРСМ[3], во член 6, став 1, алинеја 2 предвидува дека „ - осум члена на Советот избираат судиите од своите редови, при што тројца од избраните членови се

2 Член 11 и член 12 од Закон за Судскиот совет на РСМ, Службен весник на РСМ бр. 109/2019

3 Член 6 од Закон за Судски совет на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ бр.109/2019

припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, со што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници“. Со оглед дека истата формулација е предвидена и во Уставот, во член 104, некои членови на СЈРСМ сметаа дека при подготвувањето и утврдувањето на кандидатските листи СЈРСМ бил должен, во секој поединечен конкретен случај, да води сметка за составот и за бројот на членовите, кон што го задолжуваат одредбите од Уставот и законот и не е случајно и номотехнички што прашањето за составот на Советот е уредено пред постапката за избор на член на Советот, коешто значи дека задолжително треба да се внимава на уставното и законското решение за бројот и за составот на СЈРСМ.

Во моментот на објавувањето на огласот за избор на членови на СЈРСМ[4] од редот на судиите има шест члена избрани од редот на судиите, од кои тројца се Македонци, а останатите тројца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија (двајца од албанската заедница, а еден Влав по националност), што значи дека квотата од тројца членови на СЈРСМ, избрани од редот на судиите, за припадниците на заедниците кои не се мнозинство веќе беше обезбедена.

По долга дискусија и по изнесени спротивставени мислења и искажувања на членовите на СЈРСМ меѓу кои и во однос на тоа дали судија кој што е запишан како Албанец (или со друга етничка припадност) може да се пријави на општата мнозинска листа, сепак беа утврдени следниве кандидати за членови на СЈРСМ од редот на судиите.

Општа листа за кандидати од Врховен суд на РСМ

- Цветанка Периќ – судија на Врховен суд на РСМ и
- Исамедин Лимани – судија на Врховен суд на РСМ

Општа листа за кандидати од Апелациско подрачје на Битола

- Александар Камбовски – судија на Аелациски суд Битола
- Александра Поп Стефанија – судија на Основен суд Охрид и
- Татјана Сусулеска – судија на Аелациски суд Битола.

Пред одржувањето на изборите за членови на СЈРСМ од редот на судиите, кандидатката од ВСРСМ - судијата Цветанка Периќ извести дека ја повлекува својата кандидатура за член на СЈРСМ поради здравствени причини. Членовите на СЈРСМ дискутираа за оваа новонастаната состојба, која за жал не е прв случај при избор на член на СЈРСМ. Легитимно се поставија повеќе прашања од членовите на СЈРСМ дали кандидатката која се повлекува од изборите поради здравствени причини може и понатаму да ја извршува судиската функција како и за причините за нејзиното повлекување кои се поврзуваат со можни притисоци, за кои СЈРСМ нема добиено пријава, па оттаму и не може да се впушта во нивно разгледување. Со оглед дека сите материјали беа веќе подготвени за спроведување на изборите, СЈРСМ одлучи кандидатката Цветанка Периќ сепак да остане на гласачкото ливче.

Изборите за членови на СЈРСМ од редот на судиите од ВСРСМ и од апелациското подрачје на Битола беа спроведени на 6 јуни 2024 година и не беа забележани проблеми, ниту пак беа поднесени приговори во овој изборен процес.

4 Јавен оглас објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.28 од 07.02.2024 година

За член на ССРСМ од редот на судиите од ВСРСМ, со 7 гласа беше избран судијата Исамедин Лимани. Во Судскиот именик бројот на запишани судии за ВСРСМ бил вкупно 15, од тоа 11 судии го искористиле правото да гласаат, а 4 ливчиња биле неупотребени. Две ливчиња биле неважечки. И покрај тоа што се повлече, сепак за кандидатката - судијата Цветанка Периќ имало два гласа.

За член на ССРСМ од редот на судиите од апелациското подрачје на Битола беше избран Александар Камбовски - судија на Апелацискиот суд Битола, со 28 гласови. Бројот на запишани судии во Судскиот именик за апелациското подрачје на Битола бил 43, од тоа 42 судии гласале, а едно ливче било неупотребено. Едно ливче било неважечко. За кандидатката - судија Татјана Сусулеска гласале 10 судии, а кандидатката - судија Александра Поп Стефанија добила 3 гласа.

Согласно со постоечката законска регулатива не е предвидена одредба со која се регулира цензусот за гласање, така што и двата кандидати за членови на ССРСМ се избрани согласно со Законот за Судски совет на РСМ.



ОДЛУЧУВАЊЕ ПО БАРАЊЕ ЗА ОДЗЕМАЊЕ ИМУНИТЕТ И ОДОБРУВАЊЕ ПРИТВОР

ССРСМ за прв пат донесе Одлука за одобрување притвор на судија, односно истовремено одлучи да му го одземе имунитетот, да го одобри барањето за притвор и времено да го оддалечи од вршењето на судиската функција, почитувајќи ги законските одредби и извршувањето на надлежноста на ССРСМ.[5] Досега не е забележан случај ССРСМ во целост да ги примени овие законски одредби, иако истите не се доволно прецизни, но во конкретниов случај ССРСМ не само што му го одзема имунитетот на судијата, туку и го одобри барањето за определување притвор. Ова досега ниеден состав на Судски совет не го сторил. А зошто не го сторил? Затоа што формулацијата на одредбата од член 99, став 2 не е терминолошки соодветна на значењето „одобрување притвор за судија“, па ССРСМ ја донел одлуката со конкретно појаснување дека тоа е сторено за да не се попречи кривичната постапка, имајќи предвид дека истиот е затекнат во вршење кривично дело и при тоа запазувајќи ги одредбите и роковите за притвор во овој дел од кривичната постапка.

Во овој случај може да забележиме законито, навремено и транспарентно постапување на ССРСМ при одлучувањето за барање за одземање имунитет, за притвор и за времено оддалечување од вршењето на судиската функција, што претставува чекор во борбата против корупцијата и со што се влијае на досегашната негативна перцепција за независно и непристрасно судство.

5 член 36 став 1, алинеја 8,9 и 12, член 99 од Законот за ССРСМ

ИЗБОР НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во февруари 2024 година ССРСМ го разгледуваше прашањето за начинот на постапување на ССРСМ по донесувањето Одлука на Собранието на РСМ за распишување на претседателските и парламентарните избори. Имено, согласно со препораката на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК), за доследна примена на член 8-а од Изборниот законик во кој се определува дека не може „да се започне постапка за вработување нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се стават во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“, членовите долго расправаа за постапувањето по однос на оваа препорака, односно што треба тоа да значи за редовните активности на ССРСМ. Дел од членовите беа категорични дека нема основ да се толкува овој член од Изборниот законикот и од Препораката на ДКСК, бидејќи е јасен и треба да се почитува, односно да се сопрат сите активности на ССРСМ кои се однесуваат на избор и разрешување на судии/претседатели на судови во изборниот период. Од друга страна, дел од членовите не се согласуваа со примената на овој член во целост, бидејќи тоа ограничување не се однесува на судството, кое е една од трите власти, независна од другите две, и не може истите правила да важат за судството, бидејќи ССРСМ не врши вработувања, односно отпуштање од работа на судии или претседатели на судови. Се работи за постапки кои траат долго, како и за огласи кои се објавени многу порано од донесената одлука на Собранието на РСМ. Истото важи и за постапките за разрешување. Тоа се долготрајни постапки кои имаат повеќе фази и ако се сопрат сите активности ССРСМ многу долг период нема да може да си ги извршува основните надлежности.

Поради неможноста да се донесе едногласна одлука ССРСМ за ова горливо прашање донесе Заклучок да се стават во мирување постапките за утврдување одговорност за судија/претседател на суд, во случаи кога не е формирана Комисија на известители. Исто така се ставија во мирување постапките за избор на претседател на суд/судија и за објавување оглас и во случаи кога е завршена постапката за изборот.

По извесен период, заради овозможување на функционирањето на ССРСМ, се направи корекција на заклучоците кои се однесуваа на примената на препораката од ДКСК, па се донесоа заклучоци со кои претходно донесените заклучоци се ставија вон сила, освен во итни и неодложни ситуации кога ќе може и ќе мора да се преземаат дејствија. Постапката за избор на членови на ССРСМ од редот на судиите од ВСРСМ и од Апелациското подрачје на Битола се одлучи да продолжи.

Врз основа на овие заклучоци, во период од три месеци, ССРСМ не изврши избор на судии и покрај тоа што постапките по однос на активните огласи речиси беа готови. Се вршеа подготвителни активности, односно подготвување ранг-листи на кандидатите за судии во повисок суд, по огласите објавени пред донесувањето на одлуката на Собранието на РСМ за распишување претседателски и парламентарни избори од февруари 2024 година.

Сепак, во овој извештаен период беа избрани 3 нови судии, и тоа еден во Апелацискиот суд Гостивар (12.2.2024) и двајца судии во Апелацискиот суд Штип (13.2.2024).

На огласот за избор на судија во Апелацискиот суд Гостивар биле пријавени вкупно 3 кандидати од кривичната област. За судија на Апелацискиот суд Гостивар, за кривична област, избрана е Емине Мурати, судија на Основен суд Гостивар.

На огласот за избор на судии во Апелацискиот суд Штип биле пријавени вкупно 8 кандидати, од кои 5 за кривичната област и 3 за граѓанската област. За судија на Апелацискиот суд Штип, за кривична област, избран е Ѓорѓи Андонов, судија на Основен суд Штип, а за судија на Апелацискиот суд Штип, за граѓанска област, избран е Тодор Поп Панев, судија на Основен суд Штип.

На седниците, за секој кандидат поединечно, беа реферирани бодовите што ги добиле. Врз основа на бодовите добиени од целата постапка на оценување беше направена ранг-листа по која се гласаше, почнувајќи со кандидатот кој беше прв на ранг-листата со најголем број бодови. Согласно со законот, за избран се смета оној кандидат кој ќе добие 8 гласа од членовите на ССРСМ со право на глас. Кога ќе се изгласаат доволен број кандидати, барани според огласот, се прекинува со понатамошното гласање и не се дава можност да се гласа за останатите кандидати и да се исцрпи целата ранг-листа. Заради законските одредби, оваа практика е присутна во ССРСМ и повторно се поставува прашањето дали и некој друг кандидат од ранг-листата може да добие ист, па дури и поголем број гласови од претходниот кандидат за кој веќе е гласано од членовите на ССРСМ. **Но, поради критиките од јавноста, како и поради препораките од Оценската мисија и измените на Деловникот за работа на ССРСМ, се очекува да се смени оваа досегашна практика.**

Она што е забележително околу изборот на судии се полемиките што се јавуваат кај членовите на ССРСМ кога е во прашање постапката за утврдување ранг листа на кандидати за судии по одреден оглас. Имено, се формира Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд која ги проверува пријавите и доставените документи, па доколку таа комисија утврди дека има спорни состојби со доставените документи, пред да се усвои извештајот со ранг листата, спорните кандидатури, односно пријави ги образложува на седница на ССРСМ на која се донесува одлука дали спорните пријави да се прифатат како комплетни, или истите да се отфрлат како нецелосни. Подолго време членовите на ССРСМ не можеа да се усогласат дали треба „слепо“ да се применуваат законските одредби во кои е наведено кои документи е потребно да ги достави кандидатот за избор на судија во повисок суд, заедно со пријавата, а се работи за документи кои се дел од досието на секој судија кое ССРСМ го чува по службена должност (како што се уверение за државјанство, диплома, потврда за положен правосуден испит итн). Поради различните ставови на членовите, како на пример дека едни сметаат дека без разлика за кои документи се работи, кандидатот треба да ги достави сите документи кои се наведени во законските одредби, бидејќи за нив на тој начин се отсликува карактерот на судијата околу примената на законите, а од друга стана, други сметаат дека нема потреба од такво рестриктивно придржување кон законските одредби, бидејќи се работи за неусогласеност на Законот за судовите во РСМ[6] и за рестриктивен формализам кој треба да се избегне. посебно кога се работи за документи кои ги поседува ССРСМ во досието на секој судија. Од овие причини се донесе Заклучок да не се бараат оние документите кои ги поседува ССРСМ, кои се општо познати и без кои судиите не би можел да бидат избрани за судии, а во овие случаи се работи за нивно унапредување

6 Член 45 од Закон за судовите во РМ (Службен весник на РМ 58/2006)

во повисок суд. Значи, за избор во повисок суд потребно е само да се достават оние документи кои се издаваат од друг орган, а се дел од бараните документи.

Но, и покрај донесениов Заклучок околу ова прашање членовите на ССРСМ не заседоа конзистентен пристап и понекогаш за еден кандидат инсистираат да ги има сите документи, а за друг се согласуваат дека се работи за познати факти за кои нема потреба да бидат приложени во документите со пријавата. Во зависност од составот на Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд и во зависност од пријавените кандидати, и покрај донесениот Заклучок, сепак, во секој извештај со кој се врши рангирање на кандидатите по оглас за избор на судии во повисок суд се поставува прашањето за потребните документи, се развиваат дискусии и не секогаш ССРСМ постапува по заклучоците што претходно ги има донесено.

Несомнено е дека е потребна законска измена во овој дел, со цел да се воедначи кои документи ќе се бараат, но сепак, поради обезбедување на предвидливост за кандидатите и избегнувањето на впечатокот дека се манипулира со рангирањето на кандидатите , препорачливо е ССРСМ да се придржува до своите заклучоци, без разлика кои се членовите на комисијата која врши селекција и рангирање на кандидатите за унапредување.

Во текот на овој извештаен период Судскиот совет избра 8 нови ВД претседатели, и тоа на Основниот суд Гостивар, Основниот суд Струга, Основниот суд Битола, Основниот суд Кочани, Основниот суд Радовиш, Основниот суд Струмица, Основниот суд Берово и Основниот суд Охрид.

Загрижувачки е податокот дека и понатаму има тренд во помалите судови да нема заинтересирани кандидати за претседатели.

Во насока на детално утврдување на потребниот број судиски места по судовите во државава, а врз основа на поголем број параметри, ССРСМ, во 2023 година, **изработи Анализа на потребните судиски места** во Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Апелацискиот суд Скопје, Апелацискиот суд Битола, Апелацискиот суд Гостивар и Апелацискиот суд Штип, Во првата половина од 2024 година подготви и Анализа на потребните судиски места во Управниот суд и во основните судови од апелациското подрачје Скопје, апелациското подрачје Гостивар, апелациското подрачје Битола и апелациското подраје Штип, како и Анализа за утврдување на бројот на слободни судски места во основните судови во РСМ, **што може да се смета дека, од страна на ССРСМ, во рамки на нивните надлежности, е ревидирана судиска мрежа**. Согласно со овие анализи, огромен е недостатокот на судии во овој момент, па така имаме пополнети 274 судиски места во основните судови, а за навремено и ажурно постапување неопходни се 434 судии во основните судови.

РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во периодот до јули 2024 година Судскиот совет констатирал престанок на судиската функција поради старосна пензија на 15 судии, како и 1 (еден) судија на кој му престанала судиската функција по сопствено барање и еден судија на кој му престанала судиската функција поради избор на член во друга државна институција, со што продолжува трендот на недостаток од судии во основните и во апелациските судови.

Во овој период **од судиската функција беше разрешена Софија Спасовска Медарска, која била избрана за член на Државната комисија за спречување корупција во декември 2023 година**, а требала да стапи на функција во февруари 2024 година. Таа поднела барање за мирување на судската функција, врз основа на одредби од Законот за работни односи, повикувајќи се и на досегашната практика на ССРСМ за одобрување на мирување на судиската функција на неколку судијки. ССРСМ не го усвои ова барање, повикувајќи се на одредбите во Законот за ССРСМ[7] кои укажуваат дека ќе се утврди престанок на судиската функција на судија кога е избран или именуван на друга јавна функција, освен во случај кога со закон е предвидено мирување на судиска функција, со денот на изборот, односно со именувањето.

Помеѓу членовите на ССРСМ не преовладуваше исто мислење по однос на ова прашање, но сепак, мнозинството членови се повикаа на одредбите од Законот за судовите каде пишува дека „судиската функција е неспоива со функцијата пратеник, односно член на совет на општина, односно со градот Скопје и со функциите во државните органи, општината и градот Скопје“.[8]

Во првата половина од 2024 година ССРСМ донел 7 (седум) одлуки за запирање постапки за одговорност на судија/претседател на суд, потоа 2 (две) одлуки донел за повлекување на барањата за одговорност на судија/претседател на суд и изрекол 3 (три) дисциплински мерки за намалување на платата на судии, а врз основа на Барања за поведување постапка за утврдување одговорност на судии или на претседател на суд, ССРСМ времено оддалечил судија на ВСРСМ од вршење на судиската функција до правосилно завршување на кривичната постапка.

Заради распишувањето на претседателските и парламентарните избори и заради целокупниот изборен процес дел од постапките за одговорност на судија/претседател на суд беа ставени во мирување.

7 Членови 54 и 59 од Закон за ССРСМ

8 Член 52 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр. 58/2006)

СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Следењето на работата на судовите ССРСМ ја остварува преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи, но и преку посети на судовите од комисии составени од членови на Судскиот совет, што е предвидено во Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2024 година и Акцискиот план кој е составен дел на Интерниот план донесен во март 2024 година[9].

Од кварталните извештаи за работата на судовите може да се констатира дека продолжува трендот на неажурни судови, а како причини за таа состојба се наведуваат намалениот број судии, недоволниот број судска администрација, како и зголемениот број предмети.

Вообичаена практика е, по извршените посети на судовите, членовите на комисијата што ја извршила посетата, на седница да го презентираат извештајот од посетата, со истакнување на позначајните наоди до кои дошле, како и со предлагање заклучоци за понатамошно постапување, доколку биле утврдени недостатоци во работењето на судовите или на некои судии или претседатели на судови. Доколку се јави потреба, се случува да се оди и во вонредна посета на некој суд, а причините за тоа најчесто се судски предмети кои се од интерес за јавноста или претставки од граѓани или правни лица. Така, во текот на овој извештаен период, беа извршени посети на судови, а **на седница беа презентирани и усвоени извештаите од работните посети на Основен суд Битола, Основен суд Тетово, Основен суд Охрид, како и извештаите од работни посети на Апелацискиот суд Скопје, Апелацискиот суд Гостивар и Врховен суд на РСМ.**

ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица, кои се поднесуваат до ССРСМ а се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите, редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

Во првата половина од 2024 година биле разгледани околу 240 претставки поднесени од граѓани и од правни лица.

Најголем број од претставките Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица бараат преиначување на судска одлука, бидејќи не се задоволни од истата. Во најголем број случаи Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот може да биде и по жалба пред второстепениот суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето, а бидејќи Судскиот совет нема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, не наоѓа основи за постапување по поднесените претставки.

9 www.sud.mk

Исто така **може да се забележи и отфрлање на претставките**, а како основна причина за отфрлањето се наведува немањето нови факти во однос на поднесената претставка, потоа фактот дека претставката е веќе разгледувана на некоја од претходните седници или пак поради тоа што истата не ги содржи сите податоци што се неопходни да биде разгледана.

Продолжува трендот на зголемен број основани претставки од ССРСМ. Претставките за кои челновите на ССРСМ ќе најдат дека се основани , содржат повеќе докази од кои во текот на испитувањето можат да утврдат индиции за несовесно или нестручно работење на некој судија. Од значење за овие претставки е тоа што, кога се работи за претставка во која судијата ги пречекорил роковите за постапување, или за објавување на одлуката, или за изработување на одлуката, членовите на ССРСМ тоа го констатираат. Една од причините за ваквото постапување е што ваквиот однос спаѓа во критериумите за оценување на судиите, согласно со Методологијата за нивно оценување. По целосното испитување на претставките за кои има индиции дека се основани, членовите на ССРСМ можат да покренат и постапка за одговорност на судијата/претседател на суд. Во случаите кога основите што се презентирани во претставките не се доволни за покренување постапка за одговорност на предметниот судија/претседател на суд, основаните претставки ќе бидат дел од оценката за судијата/претседателот на судот.

Во овој период може да се забележи неконзистентно постапување кај претставките по однос на основаноста, потоа дека понекогаш за многу слични претставки различно се одлучува, односно дека претходно донесено становиште го менуваат без образложение.

ЗАКЛУЧОЦИ



Во периодот од јануари до јули 2024 година, ССРСМ поминал низ голем притисок од јавноста, од домашните експерти и од невладините организации, медиумите и меѓународните институции со цел да се врати довербата во Судскиот совет на РСМ и нивниот легитимитет како највисоко тело во судството, со враќањето на претседателка Весна Дамева.



Очигледна е зголемената општа транспарентност на ССРСМ преку голем број објави на нивната веб страница, со навремени информации за седници, за одлуките донесени по седниците и со соопштенија од седниците кои се пообемни и кои содржат детали за точките расправани на седниците.



Судскиот совет редовно ја вршел својата работа во однос на постапувањето по претставките, со изборот на судии во основните судови, работните посети на судовите, редовното оценување на судиите, како и со контролата на работењето на судовите преку посети и квартални извештаи.



Неколку теми остануваат отворени во однос на ефективноста и ефикасноста, но и за угледот и довербата меѓу судиите и јавноста, како и за неконзистентното постапување на членовите на ССРСМ при доследната примена на воспоставените практики.



Позитивно е утврдувањето поголем број претставки од граѓаните како основани, бидејќи Судскиот совет истите може да ги земе предвид при утврдувањето индиции за несовесното и нестручното работење на некој судија. Но, треба доследно да се применува воспоставената практика при одлучување кај исти или слични наоди по претставките.



При изборот на судии во повисок суд, од ранг-листата изработена согласно со постапката предвидена за унапредување судии не се избираат прворангираните, туку пониско рангираните судии, за што беше дадено образложение само од некои членови на ССРСМ зошто токму тие судии треба да бидат унапредени. Со усвојувањето на измените и дополнувањата на Деловникот за работа на ССРСМ и со изменувањето и дополнувањето на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, во наредниот период останува да се следи примената на овие измени.



Како отворено прашање и понатаму останува, при изборот на судии, прекинувањето со понатамошно гласање откако ќе се изберат доволен број кандидати според огласот, при што на останатите кандидати од ранг-листата не им се дава можност да бидат гласани и да остварат ист или поголем број гласови. Немањето кандидати на огласите за помалите судови, кое се провлекува подолг период, влијае на работата на овие судови и претставува прашање кое треба да се има предвид при донесувањето стратешки документи и законски измени.



Довербата во Судскиот совет, која очигледно е на релативно ниско ниво, пред се треба да се зголеми помеѓу самите судии, а потоа од општата јавност.

ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, извештаите за Судскиот совет, објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ и објавите во медиумите, може да се дадат следниве препораки:



Потребни се итни законски измени во насока на примена на препораките на Оценската мисија на Делегацијата на ЕУ во РСМ.



Судскиот совет доследно да ги имплементира документите кои ги донесе, а кои произлегуваат од усвојувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ во РСМ.



Судскиот совет во наредниот период да ги насочи своите капацитети кон зголемување на довербата на граѓаните во судството преку проактивна улога и преземање мерки за намалување на перцепцијата за постоење корупција во судството.



Судскиот совет треба доследно да ги применува одредбите од новодонесените акти при избор на судии во повисоките судови и да дава конкретни и добро образложени причини зошто некој од прворангираните судии не е избран во повисок суд.



Судскиот совет треба да работи на зголемување на довербата кај судиите преку доследна примена на законските одредби.